# САМОЕВАЛУАЦИЈА

# НА ОУ “ СВ. НАУМ ОХРИДСКИ”- ОХРИД




**2019**

# ВОВЕД

Нашето училиште се  наоѓа во селото Пештани .

Наставата во училиштето се изведува на Македонски јазик и кирилско писмо.

Во учебната **2018/2019 год.** запишани се вкупно **192** редовни ученици.

Како и вообичаено во секоја работа така и во нашето училиште има јаки и слаби страни,  предности и недостатоци. Низ процесот на самоевалуација на училиштето, ние конкретно ги доловивме јаките и слабите страни и врз основа на нив ги извлековме идните активности кон кои ќе се стреми нашето училиште.

Во изведувањето на самоевалуацијата беа вклучени наставници и ученици по одделните подрачја од рамката за самоевалуација, под непосредна координација и со постојана соработка со работната група.

Податоците се прибираа врз основа на увид во педагошката евиденција и документација на училиштето како и  врз основа на сите други пишувани документи и законски акти според кои работи училиштето.

За собирање на податоците беа користени и други методи како прашалници (за наставници, родители и ученици), метод на набљудување, разговор и др.

Во рамките на самоевалуацијата анкетирани се наставници (од машки пол и  од женски пол),

ученици (машки и  женски ученици, од сите четири учебни години и со различен успех во учењето), а од родителите во анкетата беа вклучени родители (од машки пол и  од женски пол).

**ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ОУ " СВ. НАУМ ОХРИДСКИ"** |
| **Адреса** | с.ПЕШТАНИ |
| **Општина-град** | Охрид |
| **Име и презиме на директор** | Зоран Целески |
| **Даночен број на училиштето** | 4020965118492 |
| **Контакт телефон**<br>**Факс**<br>**Е-маил адреса** | 046/285595<br>/<br>ounohridski@yahoo.com |
| **Број на ученици во училиштето**<br>**во учебната 2018/2019 година** | 196 |

## РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ПОДРАЧЈА ОД РАМКАТА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| 1. Наставни планови и програми | 2. Постигнувања на учениците | 3. Учење и настава |
|---|---|---|
| Шурбаноска Марина - координатор | Илијевска Виолета - координатор | Мојсоска Валентина - координатор |
| Каранфиловска Лила | Плевнароска Валентина | Атанасоски Александар |
| Филип Силјаноски | Ламбески Живко | Смилеска Драгица |
| Билјана Гаврилоска | Стојоски Ристе | Шапкароска Даниела |
| | Стојан Василика | |
| **4. Поддршка на учениците** | **5. Етос** | **6. Ресурси** |
| Ѓорѓиоска Снежана - координатор | Ристески Благоја - координатор | Рубаноска Валентина - координатор |
| Дафинческа Виолета | Колоска Билјана | Кљајиќ Милан |
| Илија Стојаноски | Маја Цветкоска | Никола Наумоски |
| Мартина Гугоска | | Зорица Азеска Спасеска |
| **7. Раководство, креирање политика** | | |
| Целески Зоран | | |
| Јанеска Татјана | | |
| Герасимоски Злате | | |
| Слободанка Медароска | | |

Самоевалуација на училиштето за периодот од 2016 – 2019

**Подрачје 1. Наставни планови и програми**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Организација на наставните планови и програми**
- **Квалитет на наставните планови и програми**
- **Вон-наставни активности**

**Самоевалуација на училиштето: ОУ " Св. Наум Охридски " - Пештани**

**Подрачје: 1. Наставни планови и програми**

<table>
<tr><td colspan="3">1.1 Организација на наставните планови и програми<br><br>1.2 Квалитет на наставните планови и програми<br>1.3 Вон-наставни активности</td></tr>
<tr><td>Теми</td><td>Констатации, собрани податоци</td><td>Извори на податоци</td></tr>
<tr><td>Применувани наставни планови и програми</td><td>Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука.Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование (деветгодишното образование). Училиштето ги нуди и ги реализира само наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука, вклучувајќи ја и Кембриџ програмата по математика и природни науки од прво до деветто одделение.<br><br>При реализацијата на наставните предмети нема отстапувања од наставните програми. Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование и Бирото за развој на образованието им се</td><td>Наставни планови и програми донесени од Министерството за образование и наука;<br><br>Годишната програма за работа на училиштето</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | достапни на сите наставници (на веб страната од БРО), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br><br>Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат: годишен глобален план, тематски процесни планирања и дневни подготовки по сите наставни предмети (задолжителни , изборни, доплолнителна и додатна настава) и за слободните ученички активности. Истите најдоцна до 1-ви септември во печатена форма или снимени на ЦД  ги предаваат кај стручната служба - педагогот на училиштето. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час.најголем број наставници изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците. Сместени се во канцеларијата на педагогот на училиштето.<br><br>Прегледот покажа дека сите се наменски изработени конкретно за овие учебни години.<br><br>Распоредот на часови во предметна настава го прави еден наставник од училиштето во консултација со стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето,<br><br>изедначување на бројот на часови меѓу паралелките, заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.<br><br>При изработката на наставните и други програми наставниците од одделенска настава работат самостојно и предаваат различни планирања по одделенија и наставни предмети. Наставниците од предметна настава работат тимски само во ретки случаи, доколку различни наставници предаваат ист предмет. Оттука и тешкотиите при меѓупредметната корелација во предметна настава. Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се | Годишни и тематските планирања на наставниците;<br><br>Прилагодени наставни програми за децата со ПОП,<br><br>Нормативните акти на училиштето (статут)<br><br>Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми (материјали од обуки за нови наставни програми, прирачници)<br><br>Педагошката евиденција и документација (следење на педагогот и директорот, извештаи) |

| | | |
|---|---|---|
| | реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. При реализирање на овие наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, печатач, училишна табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, телевизор, касетофон, географски и историски карти и др. Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење. Често се користат и информации од Интернет, до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ — проект, кој потоа го презентираат пред соучениците. Учениците се запознаени со целите на наставата и учењето.<br><br>Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми како и за реализација на вон-наставните активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето. Годишната програма се разгледува од страна на Наставничкиот совет, Училишниот одбор ја разгледува, усвојува и ја предлага за усвојување на Советот на Општината. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена. Одделенските раководители во предметна настава за часот на одделенската заедница и наставниците од второ до петто одделение работат според програмата „Животни вештини“. Оваа програма во прво одделение се планира и реализира во рамките на редовните предмети.Сите наставници планираат и во целост ја реализираат дополнителната и додатната настава во училиштето. Сите наставници вршат интегрирано планирање во своите планирања за настава со содржини од проектот: „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“, МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието), соработка со Мировен корпус на САД како и реализирање на часовите со примена на ИКТ технологија, посебно во одделенска настава, а во предметна настава помалку е застапено интегрирањето на наставните содржини со ИКТ технологија.<br><br>Наставниците не учествуваат во изготвувањето на наставните програми, нив ги | Интегрирано планирање за екологија<br><br>Планирања за дополнителна и додатна настава<br><br>Извештаи за реализација на наставата и вон-наставните активности<br><br>Записници од стручни активи<br><br>Разработени насоки (предавања, обуки, работилници) за вградување на меѓупредметните цели,<br><br>Записници од стручни органи на училиштето, Совет на |

| | | |
|---|---|---|
| | донесува МОН, а се осовременуваат преку учество на семинари и со размена на идеи и искуства меѓу наставниците. Наставниците ги реализираат наставните планови и програми избрани од МОН на стручните активи.<br><br>Со годишната програма на училиштето се планира, а од страна на наставниците се реализира дополнителна и додатна настава со учениците од второ до деветто одделение (предвидена според Наставните планови од страна на Бирото за развој на образованието), за истите се изработува распоред на одржување и кој е составен дел на годишната програма на училиштето. Исто во годишната програма на училиштето се планира да се изготвуваат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици и да се спроведуваат активности со кои ќе се откриваат талентирани и надарени ученици од страна на педагогот и наставниците кои доколку забележат такви ученици треба да изготват и предадат идентификациони листи на ученици за откривање на логичко-математичка надареност, музичка надареност и надареност за јазици. Понатака училиштето во консултација со родителите остварува контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените ученици. Исто така со годишните програми за работа на училиштето се планираат и реализираат и индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби. Програмата се реализира и во учебната 2016/2017, 2017/2018 година и се реализира и во учебната 2018/2019 година од страна на одделенскиот раководител со стручна помош од педагогот и психологот на училиштето и во соработка со надворешна помош од страна на дефектолог од ОУ "Братство и единство " Охрид. | родители, Училишен одбор<br><br>Планирања од „Животни вештини"<br><br>Одделенски дневник, Записник од родителска средба<br><br>Брошура, флаери и интернет страницата на училиштето, |
| Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми | Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини да ги информира членовите на Советот на родители, другитете родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат.<br><br>Родителите и учениците се запознаваат и добиваат информации за наставните планови и програми од БРО, МОН , е-дневникот, брошури кои ги добиваат на секој почеток на учебната година и интернет страницата на училиштето.За | Педагошка евиденција и документација<br><br>Записници од Училишниот одбор, советот на родители и од родителските средби<br><br>Брошури и веб страната на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | можноста истите да ги следат се запознаваат уште на првата родителска средба на и на редовните индивидуални родителски средби. | |
| Изборна настава | Училиштето на учениците им нуди изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина.Постапката за избор на изборните предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.Во мај се спроведуваат анкети со родителите и учениците каде тие се изјаснуваат кој изборен предмет сакаат да го изучуваат во наредното одделение.Наставните предмети од листата на изборни предмети во наставниот план, учениците ги избираат спрема афинитетите. При постапката за избор на предмети присутна е појавата, одредено влијание да има задоволувањето на потребите на наставниците на кои им недостасуваат часови до полното работно време.<br>Во учебната 2016/2017 год. во одделенска настава изборната настава се одвивала по предметот Творештво во четврто и петто образование (по препорака од МОН). Во предметна настава од спроведената анкета за ученици и родители од три понудени предмети во шесто одделение најголем број избрале Запознавање со религиите, во седмо одделение најголем број избрале Проекти од ликовната уметност во едното одделение и Техничко образование во другото одделение, во осмо одделение изборен предмет е Проекти од музичката уметност,а во деветo одделение најголем број избрале Програмирање во двете одделенија.Во учебната 2017/2018 год. во одделенска настава изборната настава се одвива по предметотТворештво во четврто и петто одделение (по препорака од МОН).Од оваа учебна година учениците од трето одделение немаат изборен предмет бидејќи со измените на наставните планови и програми од страна на МОН и Бирото за образование, од учебната 2015/2016 година предметот Работа со компјутер се преименува во Работа со компјутер и основи на програмирањето и во трето одделение од изборен предмет се вметнува како редовен предмет кој ќе се реализира со два часа седмично или 72 часа годишно.Во предметна настава од спроведената анкета за ученици и родители за новата учебна 2017/2018 година од три понудени предмети во најголем број избрале: во шесто одделение изборен предмет е Запознавање со религии, во | Анкетите за, родителите и учениците (анкети за избор на изборен предмет);<br><br>Годишна програма, годишен извештај;<br><br>Одделенски дневник |

| | | |
|---|---|---|
| | седмо одделение изборен предмети е Проекти од музичката уметност, во осмо одделение изборни предмети се Проекти од информатика, а во деветo одделение изборен предмет е Програмирање. Во учебната 2018/2019 год. во одделенска настава изборната настава се одвивала по предметот Творештво во четврто и петто образование (по препорака од МОН). Во предметна настава од спроведената анкета за ученици и родители од три понудени предмети во шесто одделение најголем број избрале Запознавање со религиите, во седмо одделение најголем број избрале Проекти од музичката уметност, во осмо одделение изборен предмет во едното одделение е Техничко образование, а во другото одделение е Проекти од информатика, а во девето одделение најголем број избрале Програмирање. | |
| Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми | Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на нивната оптималност и ефикасност. Директорот и педагогот на училиштето вршат следење на навременото предавање на планирањата од наставниците, на нивната комплетност, соодветност со Наставните планови и програми и на нивниот квалитет. Нивните забелешки и сугестии се навремено и целоно дадени на наставниците. | Следење на квалитетот на планирањата од наставниците |
| Планирање на активности за вон-наставните активности | Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставнна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус.Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.За постигнатите резултати се наградени или пофалени и истакнати на свеченоста по повод патрониот празник на училиштето. Подрачјето на воннаставните активност во нашето училиште | Програма за изведување на екскурзии<br><br>Програма за општествено – корисна работа<br><br>Програма на заедницата на ученици<br><br>Програма за грижа за здравјето на учениците<br><br>План за учество на натпревари, конкурси и др. |

| | | |
|---|---|---|
| | опфатени се: слободните ученички активности, екскурзиите, општествено корисната работа, заедницата на учениците,ученичките натпревари.Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии ќе се изведуваат, во согласнот со правилникот за реализација на ученичките екскурзии. Одложувањето (неодржувањето) на екскурзиите е со одлука на Наставнички совет, како и изведувањето на дополнителни, непланирани екскурзии ОДОБРЕНИЕ ОД ОПШТИНА. Пред секое изведување на екскурзија родителите се прашуваат и известуваат за истата преку родителска средба или преку Советот на родители. Општествено корисна работа на учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработка со локалната средина.Најчесто се состојат во спроведување на разни еколошки акции, но и со учество во други, надворешно организирани активности („Ден на дрвото“, „Ден на пролетта“, Патрониот празник на училиштето, во организирање хуманитарни акции,еднодневни и повеќедневни екскурзии. Училиштето исто така е вклучено во проектот „Еко училиште“, за која цел е формиран и Еко-одбор од ученици и наставници. Нивната активност во училиштето се гледа во организирање еко-трибини, советувања, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на видно место на трудовите на учениците кои содржат еко-мотиви итн. На овој начин се врши влијание врз свеста на учениците за конзумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее). Ученичката заедница како највисока форма на организирање на учениците од VI - IX одделение активностите ги реализира според однапред изготвена програма за работа и тоа на ниво на паралелка, координирана од одделенските раководители и на ниво на училиште, координирана од стручната служба. Најголемиот број ученици се опфатени и вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор и желба.<br>Во учебната 2016/2017 година се реализираа следниве вон-наставни активности Деновите 20, 22, 23, 27 и 29 септември се реализираа - Едукативни и креативни работилници во ОУ " Братство Единство ", со фокус група ученици од IV одделение со балансиран етнички состав. Цели - важноста на воспитната компонента како позитивен пример за учениците да можат посигурно да | манифестации<br><br>Програма за професионална ориентација на учениците<br><br>Одделенски дневник |

| | | |
|---|---|---|
| | чекорат кон предизвиците на иднината, Денови за меѓуетничка интеграција во образованието во организација на општина Охрид и тимот на УСАИД за МИО. Отворен ден во ОУ "Братство Единство ". Презентација и реализација на јазичен билингвален македонско-турски квиз за продлабочување и проширување на образовните хоризонти на учениците, почитување на различностите и меѓусебното разбирање, Учество на ликовниот и литературниот конкурс во соработка со охридските основни училишта на тема:" Исчистете ги дворовите свои - есента ќе ги наслика со најубави бои " во организација на Општина Охрид заради одбележување на Есенската рамноденица – почеток на есента 23-ти септември, Голем мултикултурен хепенинг во спортската сала " Тодор Александров " со кој се заокружија финалните активности на ПМИО. На посебни штандови беа изложени сработените креативни и творечки продукти на учениците преку кои уште еднаш се потврди дека јазикот не е бариера за сполтеност, заедништво и меѓусебно разбирање, Меѓународни проектни активности за одбележување на EU Code Week 2016 (Недела на кодирање од 15 - 23 октомври). Заеднички проект со учениците од трето одделение од ПУ од с. Елшани и с. Трпејца, Литературно и ликовно творење на учениците по повод Патрониот празник на училиштето „Св. Наум Охридски“ под мото „ Божиќна магија “,училишен натпревар по математика, општински натпревар по математика за учениците од основното образование во учебната 2016/2017 год., регионален натпревар по математика за учениците од основното образование во учебната 2016/2017 год. меѓународниот натпревар по математика Кенгур 2017, меѓународен натпревар по англиски јазик „HIPPO“,општински, регионален и државен натпревар по биологија, креативни поетски творби на тема Мојот татко, а по повод одбележувањето на 15 септември, меѓународниот ден на таткото, во организација на женски центар „Бисера“ Охрид, општински натпревар по географија, ENO кампањата „Да ја направиме промената заедно-Да засадиме 100 милиони дрвја до 2017 год.‘‘, " Садница плус " како дел акцијата " Ден на дрвото - засадија твојата иднина " со засадување на семенски материјал-семе од ела и многу други.<br>Во учебната 2017/2018 година се реализираа голем број вонаставни активности каде активно учество ќе земат сите ученици од прво до деветo одделение заедно со своите наставници. Литературниот и ликовниот конкурс за деца и млади по повод Светскиот ден на штедењето - 31 Октомври, на тема " И јас умеам да штедам " во организација на НБРМ, Министерство за финансии и | |

| | | |
|---|---|---|
| | Агенција за супервизија на осигурување, Меѓународни проектни активности за одбележување на EU Code Week 2017 (Недела на кодирање од 07 - 22 октомври). Заеднички проект со учениците од петто одделение од с. Пештани и четврто и петто одделение од ПУ од с. Елшани, Свечено доделување на наградите од литературниот и ликовниот конкурс по повод Светскиот ден на штедењето 31-ви Октомври во Министерство за финансии во Скопје. Ученикот Бојан Палоски беше еден од наградените 24 ученици од вкупно 780 ученици - награда за ликовна творба, Учество на учениците од петто одделение на интернационалниот натпревар Дабар 2017, Литературно творење на учениците по повод Патрониот празник на училиштето „Св. Наум Охридски“ под мото „ Срце разиграј, оро заиграј “,Шести меѓународен натпревар по англиски јазик HIPPO 2018 (регионално натпреварување), Учество на општинскиот натпревар по англиски јазик за ученици од V до IX одд. во организација на ЕЛТАМ, Учество на настанот " Жогарија - лоптарија / Србија/ 2018 " - освоено трето место на ниво на училиште, Втора општинска литературна награда за поетската творба Мојот татко и учество со пригоден рецитал на свечената приредба во општинското училиште „Христо Узунов“, по повод меѓународниот ден на таткото, учество на традиционалниот општински натпревар Млади библиотекари, во организација на НУ Центар за култура „Григор Прличев“ од Охрид, Поттикнување на творечкиот и креативен потенцијал на младите за учество во проектот Творам за Македонија. Прилози најдобри оригинални литературни творби поезија и проза на тема „Домот во срцето мое“,чество на литературниот конкурс на тема „Мојот град - моја инспирација“, во рамките на одбележувањето на јубилејот 50 Детски Рацинови средби, Велес 2017, Учество на републичкиот детскиот поетски фестивал „Ракатки 2018“ со лирската творба „Светителот“,Учество на распишаниот меѓународен конкурс за епистоларен состав на тема „Замисли дека си писмо што патува низ времето. Каква порака би сакал да им пренесеш на оние што ќе ја прочитаат“, во организација на Сојузот за грижи и воспитување на младите на Македонија и многу други.<br>Во учебната 2016/2017 година се реализираа следниве вон-наставни активности и се постигнати следните резултати - Учество на меѓународниот литературен конкурс за епистоларен состав на тема „Напиши писмо за својот херој“. Испратени три најдобри оригинални рачно напишани писма, Учество на литературниот конкурс „БЗР од мали нозе“, по повод 28 април Светскиот ден на безбедност и здравје при работа. Напишана оригинална поетска творба на тема „Безбедност и здравје при работа“ | |

| | | |
|---|---|---|
| Реализација на вон-наставните активности | Учениците од шесто до деветто одделение според индивидуалните способности се вклучени во вон-наставните активности, и тоа:<br>❖ Во учебната 2016/2017 година:<br>• Секција: сообраќајна секција<br>• Културно – уметнички активности: хор и оркестар<br>• Спортски активности: спорт<br>❖ Во учебната 2017/2018 година:<br>• Секција: литературно-новинарска,биолошко – еколошка, малди математичари и физичари, историско-географска секција<br>• Културно – уметнички активности: хор и оркестар, ликовна секција<br>• Техника – сообраќајна секција<br>• Спортски активности: училиштен спорт<br>❖ Во учебната 2018/2019 година:<br>• Секција – биолошко - еколошка<br>• Спортски активности: училиштен спорт<br>Организирани вон-наставни активности во учебната 2018/2019 година според годишниот извештај – организирање маскембал по повод денот на шегата 1-ви Април, работилница со учениците и родителите по повод продажниот панаѓур за големиот христијански празник-Велигден, продажен панаѓур по повод продажниот панаѓур за големиот христијански празник-Велигден, присуство на сообраќаен час, организиран од МВР-Охрид под мото “Безбедност во сообраќајот“ со учениците од прво одделение. | Годишна програма, годишен извештај;<br><br>Одделенски дневник |
| Планирање и реализација на ученички натпревари | Со годишните програми за учебните 2016/2017,2017/2018 и 2018/2019 година ученичките натпревари се организираа за учениците од прво до деветто одделение. На нив ќе може да учествуваат сите ученици од училиштето. Се организираат низ следниве форми: натпревари меѓу поединци во паралелката, предвидени да се реализираат во март месец и напревари меѓу екипи на ниво на одделенија, предвидени да се реализираат во месец април-мај. Училиштето редовно и со успех зема учество на регионални, републички и меѓународни натпревари.Во учебната 2016/2017 година нашето училиште има учествувано на голем број општински и регионални, државни и меѓународни натпревари и проекти и има освоено доста награди (прво, второ и трето место) и пофалници. Учениците редовно учествуваат на општинскиот, регионалниот и републичкиот натпревар по математика, меѓународниот натпревар по математика Кенгур 2017,учество на спортски натпревар во ОУ. Живко Чинго, с. Велгошти по повод раѓањето на Тодор Александров,учество на наградниот ликовен конкурс на | Одделенски дневник<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Годишен извештај<br><br>Признанија и пофалници<br><br>Портфолија од ученици<br><br>Портфолија од наставници<br><br>Е- Дневници |

| | | |
|---|---|---|
| | тема -Рециклирање на отпадот,учество на општински конкурс на тема "Рециклираме и штедиме-повеќе вредиме"(учество на ликовен и литературен конкурс),учество на традиционалниот општински натпревар "Млади библиотекари 2017 ", Во рамките на проектот Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, беше реализирана посета на народниот театар во Охрид. Во тие рамки учениците ја проследија театарската проекција „Малиот принц“ од Сент Егзипери, во режија на Горан Ризескиехничко образование. Меѓународниот натпревар по математика Кенгур 2017 - едно второ место и две пофалници, регионалниот натпревар по математика за учениците од основното образование во учебната 2016/2017 год. Тројца ученици освоија второ место Општинскиот натпревар по математика за учениците од основното образование во учебната 2016/2017 год. тројца ученици освоија I место, Освоено второ место на регионален натпревар по биологија, Учество на ликовен литературен конкурс на тема „Исчистете ги дворовите свои, есента ќе ги наслика со најубави бои“ - Еко проект меѓу основните училишта на општина Охрид.<br>Во учебната 2017/2018 година нашето училиште има учествувано на голем број општински и регионални, државни и меѓународни натпревари и проекти и има освоено доста награди (прво, второ и трето место) и пофалници.<br>Учениците редовно учествуваат на општинскиот, регионалниот и републичкиот натпревар по математика. Учество на настанот " Жогарија - лоптарија / Србија/ 2018 " - освоено трето место на ниво на училиште. Учество на учениците од петто одделение на интернационалниот натпревар Дабар 2017. Учество на училишниот натпревар по англиски јазик – освоено едно првото место, едно второто место, едно петто место и едно шесто место. Литературниот и ликовниот конкурс по повод Светскиот ден на штедењето 31-ви Октомври во Министерство за финансии во Скопје – освоена награда на ниво на држава. Учество на општински натпревар по Природни науки – една 2 награда, една 3 награда и, учество. Учество на регионален натпревар по Природни науки . Прва награда на литературен конкурс, по повод патронот празник на училиштето, трета награда на ликовен конкурс по повод патрониот празник на училиштето. Учество на општински натпревар по англиски јазик. Учество на училишен натпревар по англиски јазик. Учество на меѓународен HIPPO натпревар по англиски јазик .Освоено прво место на регионален натпревар по англиски јазик организирано од страна на ELTAM. Освоено деветто и тринаесетто место на регионален натпревар по германски јазик.Освоено десетто место на државниот натпревар по англиски јазик организирано од страна на ELTAM. Учество на | |

| | | |
|---|---|---|
| | конкурс по повод Светскиот ден на штедењето. Освоена втора награда со поетска творба на тема: Мојот татко, по повод одбележувањето на 15 септември, меѓународниот дена на таткото орханизирано од женскиот центар: Бисера. Прва литературна награда на конкурсот „Есента собира семиња за сите годишни времиња“. Учество на државен рецитаторски натпревар во Скопје. Втора литературна награда на „Наш свет“.Учество на општински натпревар по Англиски јазик . Учество на општински натпревар по Биологија со учениците.<br>Во учебната 2018/2019 година нашето училиште има учествувано на голем број општински и регионални, државни и меѓународни натпревари.На почетокот од учебната година учениците имаат земено учество во следните натпревари , конкурси и проекти од општинско, регионално, државно и меѓунардно ниво:учество на ликовниот и литературниот конкурс на тема: Природата порачува: Спасувај, не загадувај" - ЕКО проект меѓу основните училишта на територијата на општина Охрид и општината Охрид - одбележување на есенската рамноденица, почеток на есента 23-ти септември,Меѓународни проектни активности за одбележување на EU Code Week 2018 (Недела на кодирање од 10 - 18 октомври),учество со креативни поетски творби на тема Татко ,по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на таткото, во организација на женскиот центар „Бисера“,втора општинска награда на распишаниот конкурс за најдобра поетска творба на тема Татко и учество со пригоден рецитал „Радувај се ,убавино“ во ОУ„Св.Климент Охридски“.Освен учеството освоени се и бројни награди, признанија и пофалници.Освоено прво место на регионален натпревар по предметот биологија. Освоено второ место на регионален натпревар по предметот биологија. Освоено трето место на регионален натпревар по предметот математика. Освоени две први места на регионален натпревар солист. Оркестар, освоено прво место на регионален натпревар. Хор освоено трето место на регионален натпревар. Освоено трето место на регионален натпревар по предметот математика. Освоено второ место на регионален натпревар по предметот англиски јазик. Освоено трето место на државен натпревар по предметот англиски јазик. Освоено второ место на ликовен конкурс распишан од општина Охрид: Есента топла и златна наслика во природата најубави платна. За сите овие учества и освоени места на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари учениците и нивните наставници-ментори се здобија со вредни сертификати, дипломи и пофалници. | |
| Соработка со локалната | Во животот и работата на училиштето вклучена е и локалната | Наставни планови и програми |

| | | |
|---|---|---|
| самоуправа | самоуправа и училиштето користи се што нуди таа за успешно реализирање на програмските цели и задачи Наставните планови и програми училиштето ги прилагодува на карактеристиките на локалната средина преку организирање на набљудувања, излети, посети на културно – историски споменици, важни државни институции и културни манифестации.. Со годишните програми за работа на училиштето за 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година во соработка со локалната самоуправа и секторот за јавни дејности предвидува да се реализираат следниве проекти: организирање локални натпревари по математика, природни науки и иновации во соработка со основните училишта од општината, отварање спортска академија на охрид заедно со СЦ “Билјанини извори “, осовање на училишни спортски клубови во соработка со училиштата и наставниците по физичко и здравствено образование, поддршка за учество во училишни лиги во повеќе спортови.Организирање на заеднички прослави и предавања од стручни лица, вклучување во активности организирани од локалната самоуправа – општински натпревари, саеми, совет за безбедност во сообраќајот и еколошки друштва.<br>Секоја учебна година учениците од одделенска настава организираат и спроведуваат посета на локалната самоуправа Охрид, посета на театарски претстави и детски фестивали (Распеано рибарче и Златно славејче) во соработка со НУ Дом на култура “Григор Прличев“ Охрид, посета на манастирскиот комплекс Св. Наум (во учебната 2018/2019 година) и посета на с. вевчани и Вевчанские извори (во учебната 2016/2017 година) како и организирана посета на филмскиот фестивал на германски филм БУФ и изложба на фотографии. Проекција на филмот Wendy , прилагоден на возраста и интересите на учениците. Посета со учениците од деветто оделение на Божиќниот базар одржан во Германската амбасада во Скопје, со цел доближување на германската култура и традиција за празнувањето за Божиќ (пр833виот Адвент). Посета со учениците на фестивалот на Новиот германски филм, организиран и поддржан од Германската амбасада.Проекција на филмот "На иста висина".Образовно едукативна посета на Народна банка на РМ, по повод светскиот ден на штедењето 31 Октомври, во чии рамки беа посетени Ковачницата на монети и Музејот на пари во рамките на банката. | Одделенски дневник<br><br>Фотографии и видео записи<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Годишен извештај |
| Унапредување на менталното и физичкото здравје на учениците | Учениците од училиштето преку стручни предавања,работилници, разговори на одделенските часови и преку активностите што ги превземаат организациите на МСО,ПЦК, Медицински центар –Охрид, се запознаваат и едуцираат за унапредување на менталното здравје на учениците преку | Одделенски дневник<br><br>Годишна програма, годишен извештај |

| | | |
|---|---|---|
| | (разговори на тема за развој на самодовербата кај учениците, активности за развој на самопочитувањето) и унапредување на физичкото здравје на учениците преку (укажување за одржување на личната хигиена на учениците, систематски прегледи, организирани излети во природа и зимување), предавања за здрава исхрана и стекнување на навики за здрава исхрана кај учениците.Исто така училиштето секоја година во соработка со МОН и медицински центар Охрид редовно организира и спроведува задолжителни систематски прегледи на учениците од прво, трето, петто, седмо и деветто одделение и стоматолошки советодавни консултации и преглед на забите за учениците од второ, четврто, шесто и осмо одделение. Со календарот за имунизација и вакцинација се опфатени учениците од деветто одделение.Во учебната 2018/2019 година од планираните активности за унапредување на менталното и физичкото здравје на учениците според годишниот извештај се реализирале следниве активности – предавање за превенција и одржување на личнат хигиена против жолтица и морбили, предавање за правилно одржување на хигиена на устата и заштита на забите, систематски преглед на учениците од прво, трето и петто одделение и контролен стоматолошки преглед на учениците од второ и четврто одделение. | Програма за работа на педагог |
| Реализација на проширени програми – продолжен престој на учениците | Училиштето реализира проширена програма-продолжен престој на учениците, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците.Во учебната 2016/2017 година и 2017/2018 година проширена програма се реализира со учениците од прво до петто одделение во подрачните училишта во с. Елшани и с. Коњско, а опфаќа прифаќање на учениците, дружење, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома, средби со родители, игра и друго. Од оваа учебна година 2018/2019 година проширена програма-продолжен престој се реализира и во централното училиште во Пештани со која се опфатени поголемиот број на ученици од прво до петто одделение. | Годишна програма на училиштето<br><br>Акционен план за реализација на проект |

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “ Св. Наум Охридски “ - Пештани**

**Подрачје: 1. Наставни планови и програми**

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања..)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Прашалник за родители** | **Членови на работниот тим** | На прашањето:Запознен/а сум со измените на Наставниот план и програмите според Кембриџ програмата, родителите одговориле:<br>● 10,16 % одговориле според критериумот сосема точно<br>● 9,4 % одговориле според критериумот точно во најголем дел;<br>● 0,82 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>● 0,92 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето:Дали Кембриџ програмата ги оправдува вашите очекувања и вашето дете полесно го совладува наставниот материјал по математика и природни науки родителите одговориле:<br>● 3,64 % одговориле според критериумот сосема точно<br>● 9,62 % одговориле според критериумот точно во најголем дел;<br>● 4,18 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>● 3,7 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето:Моето дете вели дека часовите по новите Наставни програми според Кембриџ програмата по математика и природни науки се интересни, родителите одговориле:<br>• 9,5 % одговориле според критериумот сосема точно,<br>• 6,7 % одговориле според критериумот точно во најголем дел,<br>• 3,8 % одговориле според критериумот делумно точно и<br>• само 1,3 % одговориле според критериумот сосема неточно<br>На прашањето:Училиштето го поттикнува моето дете да ги користи сите свои способности, родителите одговориле:<br>● 52,03 % одговориле според критериумот сосема точно |

| | | |
|---|---|---|
| | | • 24,06 % одговориле според критериумот точно во најголем дел;<br>• 15,4 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 7,4 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето:Училиштето нуди повеќе изборни предмети, родителите одговориле:<br><br>• 15,06 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 40,42 % одговориле според критериумот точно во најголем дел;<br>• 21,19 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 12,27 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето:Луѓето од мојата околина велат дека училиштето е добро затоа што има квалитетна настава, родителите одговориле:<br><br>• 43,69 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 35,9 % одговориле според критериумот точно во најголем дел;<br>• 14,06 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 3,62 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето:Запознаен сум со активностите што ги планира и презема училиштето за да го подобри образованието вклучувајќи ја и Кембриџ програмата, родителите одговориле:<br><br>• 32,44 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 35,12 % одговориле според критериумот точно во најголем дел;<br>• 19,27 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 13,86 % одговориле според критериумот сосема неточно.<br>На прашањето:Училиштето со разновидни вонннаставни активности го поттикнува профеесионалниопт, личниот и социјалниот развој на моето дете, родителите одговориле:<br><br>• 36,32 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 30,9 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 21,18 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 9,73 % одговориле според критериумот сосема неточно<br>На прашањето:Училиштето реализира образование за односите меѓу половите,МИО, репродуктивно здравје,болестите,ХИВ/СИДА и зависноста од дрога,алкохол,цигари вклучувајќи и стручни лица од надвор, родителите одговориле:<br><br>• 34,54 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 42,26 % одговориле според критериумот точно во најголем дел; |

| | | |
|---|---|---|
| | | ● 11,47 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>● 9,79 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето:Училиштето има разработени насоки за вградување меѓупредметни цели (развивање самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права), родителите одговориле:<br>● 34,56 % одговориле според критериумот сосема точно<br>● 38,5 % одговориле според критериумот точно во најголем дел ;<br>● 17,5 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>● 5,82 % одговориле според критериумот сосема неточно |
| **Прашалник за наставници**<br><br>**Метод на разговор** | **Членови на работниот тим** | На прашањето: Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МНО, наставнивите одговорија:<br>• 9,64 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 11,35 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 2 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 0 % одговориле според критериумот сосема неточно.<br>На прашањето: Дали сите ученици без тешкотии можат да ја следат Кембриџ програмата89,65 % одговориле според критериумот сосема точно, наставнивите одговорија:<br>• 4,31 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 32,6 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 32,6% одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 27,64 % одговориле според критериумот сосема неточно.<br>На прашањето: Дали мислите дека учениците постигнуваат подобри резултати работејќи по Кембрич програмата , наставнивите одговорија:<br>• 0 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 21 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 32,3 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 45,66 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето: Постојат можности да се влијае врз начинот на реализација на наставните планови и програми, наставниците одговорија:<br>• 33,49 % одговориле според критериумот сосема точно |

| | | |
|---|---|---|
| | | • 52,18 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 7,8 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 4,46 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето: Вработените редовно се информираат за сите фази на реализација на задачите зацртани во годишната програма, наставниците одговорија:<br><br>• 51 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 39 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 10 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 0 % одговориле според критериумот сосема неточно .<br>На прашањето: Наставната програма нуду можност за интегративен пристап за избор на содржините, наставниците одговорија:<br><br>• 45,83 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 44,82 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 6,89 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 3,44 % одговориле според критериумот сосема неточно<br>На прашањето: Училиштето реализира образование за односите меѓу половите, репродуктивното здравје, болестите, ХИВ/СИДА и зависност од дрога, алкохол, цигари вклучувајќи и надворешни стручни лица , наставниците одговорија:<br><br>• 72,41 %; одговориле според критериумот сосема точно<br>• 13,79 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 6,89 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 6,89 % одговориле според критериумот сосема неточно<br>На прашањето: Воннаставните активности поеднакво им се досптапни и на машките и на женските ученици, наставниците одговорија:<br><br>• 82,75 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 3,44 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 10,34 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 3,44 % одговориле според критериумот сосема неточно<br>На прашањето: Училиштето ги поддржува учениците да учествуваат на натпревари на локално, национално или меѓународно ниво и да постигнат високи успеси, наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговорија следно:<br><br>• 72,41 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 13, 79 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 10,34 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 3, 44 % одговориле според критериумот сосема неточно<br>На прашањето: Од вonнаставните активности се добиваат признанија, пофалници, дипломи, наставниците одговорија:<br><br>• 55,17 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 24,13 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 13,79 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 6,89 % одговориле според критериумот сосема неточно<br>На прашањето: Училиштето има разработени насоки за вградување меѓупредметни цели (развивање самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права), наставниците одговорија следно:<br><br>• 48,27 % одговориле според критериумот сосема точно<br>• 37,93 % одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 13,19 % одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 0 % одговориле според критериумот сосема неточно. |
| **Прашалник за ученици** | **Членови на работниот тим** | На прашањето: Дали учениците се запознаени со наставните планови и програми учениците одговориле на следниов начин:<br><br>• 46,2%; одговориле според критериумот сосема точно<br>• 19,32% одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 0,84% одговориле според критериумот делумно неточно<br>• 4,2% одговориле според критериумот сосема неточно.<br>На прашањето: Дали можностите што ги нуди Кембриџ програмата по математика и прирпдни науки го поттикнуива вашиот личен и социјален развој, учениците одговориле на следниов начин:<br><br>• 45,83 одговориле според критериумот сосема точно<br>• 33,3% одговориле според критериумот точно во најголем дел<br>• 10,42% одговориле според критериумот делумно неточно |

| Кодекс на однесување на учениците, ГодиШна програма на училиШтето, обврски на дежурните ученици, куЌен ред | 3.8 УчилиШтето за да обезбеди еднаквост и правичност за сите ученици организира предавања, приредби на кои учество земаат сите ученици без разлика на полот или дали се со посебни образовни потреби. Во контекст на ова би додале дека во фудбалската екипа на наШето училиШте свое активно учество зедоа и девојчиња. При избор на одговорности (дежурства, одделенско раководство) сите ученици можат да земаат учество. И Советот на родители зема учество.<br><br>Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. |
| Статут на училиШтето, годиШна програма на училиШтето | 3.9 На наставниците за подеднакво третирање на сите ученици им помага стручната служба (педагог, психолог) преку стручни предавања од соодветна област за односот на наставниците кон учениците.<br><br>Сите вработени во училиШтето подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничка припадност, социјално потекло и кога се работи за активностите на часот и надвор од часовите. |
| Анкети, ГодиШен извеШтај ГодиШна програма | 3.10 УчилиШтето следи сите ученици да добиваат еднаков третман преку посета на часови од страна на директорот, педагогот, оценувањето преку анкети, праШалниици. При избор на ученици за опШтински натпревари сите ученици добиваат Шанса за учество.<br><br>Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедниципво Р.Македонија. |
| **МНОГУ ДОБРО** | |
| **4 Соработка со родителите и со локалната заедница** | |
| Записници од состаноци на управен одбор, од родителски средби, соопШтенија, дневник | 4.11 УчилиШтето ги поттикнува родителите да се вклучуваат во образованието на своите деца преку тоа Што родителите учествуваат во изборот на учебниците заедно со наставниците, учествуваат на родителски средби, индивидуални средби со наставниците, со одделенските раководители, учество во Совет на родители, Управен одбор и на тој начин всуШност се вклучуваат во учеството во животот на училиШтето. Постои консултирање со родителите за екскурзии, |

| | |
|---|---|
| | свечености и други прослави. |
| Записници од родителски средби,состаноци на Управен одбор, ГодиШна програма | 4.12 Со родителите се комуницира индивидуално, на родителски средби каде родителите се запознаваат со успехот, поведението и дисциплината на учениците , исто така на состаноци на Управен одбор им се даваат информации за работата на училиШтето преку разгледување на ГодиШната програма за работа, за заврШна сметка и слично. Значајно место зазема и Советот на родители. Им се даваат сите потребни информации во усна и писмена форма. Постои распоред со термини за средби со родителите.<br><br>УчилиШтето користи ефективни методи за комуникација со родителите оганизирајЌи индивидуални средби и приемни денови, приспособувајЌи се на времето Што родителот го има на располагање. УчилиШтето има демократски процедури за избор на претставниците на родителите во УО во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. |
| Програма за соработка со локалната средина, соопШтенија, закон за основно образование | 4.13 УчилиШтето со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница соработува со посетување на културни центри, локални стопански организации, се организираат посети на музеј, театар, филм, претпријатија. Локалните власти се интересираат за работата на училиШтето, за постигнувањето на успеси, резултати, помагаат за организирање на разни натпревари, квизеви, спортски настани, соработка со Црвен крст, полиција.<br><br>УчилиШтето е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање настани одинтерес на заедницата -спортски, еколоШки. |
| | 4.14 Нема организирани контакти со пазарот на работна сила ако се мисли на работната сила од учениците. |
| Програма за соработка со локалната средина, соопШтенија, ГодиШна програма | 4.15 УчилиШтето организира посети во фабрики за учениците да се запознаат со работата на фабриките и претпријатијата , процесот на производство, претежно посети при екскурзии. |
| СоопШтенија, ГодиШен извеШтај за работата на училиШтето | 4.16 Се организираат семинари, курсеви (по информатика) читање на стручна литература , стручни доусоврШувања. Сето ова допринесува за успеШна примена на иновациите во реализација на воспитно - образовниот процес. |

| | |
|---|---|
| | |
| ГодиШен извеШтај за работата на училиШтето, Статут на училиШтето | 4.17 УчилиШтето соработува со другите училиШта со посети по повод на одредени настани, директорот се состанува со директори од другите училиШта , контактира по е-маил, факс, интернет врска. |
| **ДОБРО** | |

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања…)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **ПраШалник за наставници** | **Членови на работниот тим** | 100% од наставниците сметаат дека училиШната клима е задоволителна,<br>47% од наставниците сметаат дека сите наставници се третираат<br>подеднакво и правично, 44% делумно, 9% -не ;<br>64% од наставниците сметаат дека постои взаемно почитување меЃу наставниците и учениците, 46% делумно,<br>64% од наставниците сметаат дека постои почитување меЃу наставник и ученик, 46% делумно<br>100% од наставниците сметаат дека постои еднаквост меЃу маШките и женските ученици во текот на наставата<br>57% од наставниците сметаат дека односот меЃу наставниците и раководниот тим е на високо ниво, 43% на задоволително<br>54% од наставниците сметаат дека поведението и дисциплината во училиШтето е на задоволително ниво, 44% на високо ниво, 5% незадоволително |
| | | 87% од учениците сметаат дека постои меЃусебна соработка<br>47% од учениците сметаат дека постои меЃусебна соработка од разллични |

| | | |
|---|---|---|
| **ПраШалник за ученици** | **Членови на работниот тим** | одделенија, 42%делумно<br>55% од учениците сметаат дека односите меЃу учениците од различен пол се на високо ниво, 38 задоволително<br>33% од учениците сметаат дека редовно се советуваат со одделенските раководители или стр. служба, 59%задоволително<br>58% од учениците се задоволни од односот на наставниците кон нив, 36 делумно<br>58% од учениците се изјаснале едка наставниците имаат доверба во учениците во врска со самостојната работа, 36% делумно<br>100% од учениците сметаат дека наставниците одржуваат додатна, доп. и сл. уч. активности.<br>22% од учениците сметаат дека поведението и дисциплината се на високо ниво, а 78% задоволително |
| **ПраШалник за родители** | **Членови на работниот тим** | 81% од родителите сметаат дека наставниците постапуваат правично кон учениците;<br>80% од родителите сметаат дека нивните деца се безбедни во училиШтето;<br>90% од родителите сметаат дека училиШтето е доволно отворено за родителите;<br>100% од родителите сметаат дека се информирани за плановите и активностите во училиШтето.<br>100% од родителите сметаат дека редовно се одржуваат родителски средби<br>100% од родителите сметаат дека навремено се информирани за успехот |

| | | |
|---|---|---|
| | | на нивното дете<br><br>100% од родителите сметаат дека наставниците одржуваат додатна, доп. и сл. уч. активности.<br><br>80% од родителите сметаат дека учениците се запознаени со нивните права за ВОР. |

**Самоевалуација на училиштето: ОУ Св.Наум Охридски Подрачје ………….. ЕТОС ……………………….**

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- **Одговорност, големо искуство и спремност на наставниот кадар**
- **Односите меЃу учениците се исполнети со взаемно почитување во поголем дел, без разлика на полот и способностите**
- **Отвореност на училиШтето за соработка со родителите, Што се гледа од нивната постојана вклученост во образовниот процес преку родителски средби, поединечни разговори, УчилиШен одбор и Совет на родители.**
- **соработка со основните училиШта**
- **Односот меЃу наставниците и раководниот тим е на високо ниво**
- **Зголемена комуникација и соработка со родителите**
- **Подобрено чувство од страна на некои наставници за потребите и мислењата на учениците**

**Слабости**

- **Делумна вклученост на родителите на некои од учениците врз контролата и поведението на своето дете.**
- **Треба зголемено стимулирање за учество во натпревари**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

УчилиШната клима и односите меЃу наставниците се на задоволително ниво(во мнозински процент), а исто така постои и взаемно почитување меЃу учениците од различен пол.

Дел од учениците сметаат дека не се третирани правично и со почит, а исто така и дел од наставниците сметаат дека не секогаШ постои взаемно почитување меЃу наставниците и учениците,посебно од учениците.

Наставниот кадар во соработка со стручната служба и раководниот тим, континуирано настојува да ги разбие постоечките стереотипи, поттикнувајЌи го взаемното почитување меЃу наставниците и учениците, создавајЌи на тој начин здрава училиШна клима.

Обезбедувањето на еднаквост меЃу маШките и женските ученици, се остварува преку секојдневните воспитно-образовни активности, советодавни разговори за одредени проблеми на ова поле и преку контакти со родителите.

Учениците редовно се советуваат од класните раководители и стручната служба и доследно се спроведува и Правилникот за начинот на изрекување на педагоШки мерки, такаШто на учениците им се изрекуваат соодветни мерки со цел тие позитивно да влијаат на нивното натамоШно однесување, но мора да се истакне дека изречените мерки не секогаШ ги даваат посакуваните резултати.

УчилиШтето е отворено за соработка со родителите. Родителите можат да се вклучат во образованието на своите деца и во работата на училиШтето преку родителските средби и преку нивните претставници во Советот на родители и УчилиШниот одбор, но останува констатацијата дека треба да се зголеми нивното учество во образованието на нивните деца.

Сите ученици без разлика на своите способности, се опфатени со опШта корисна работа, грижа за здравјето и во бројните СУА кои овозможуваат секој ученик да си го најде своето место, но за жал, поради недостаток на простор и време, овие активности во голема мера се редуцирани.

УчилиШтето е отворено за соработка со сите претставници на локалната средина и на овој план редовно соработува со Центарот за социјални грижи и Црвениот крст, во врска со помагање на одредени ученици, и основни училиШта во Охрид и околината и тоа преку посети,

| |
|---|
| отворени денови на училиШтето, презентации, интернет и слично. |
| **Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>**1. Едукација на кадарот за поголемо почитување на принципите на толерантност и хуманост во меЃусебната комуникација, како услов за јакнење на училиШната клима**<br><br>**2. Поголема вклученост на родителите во образованието на своите деца**<br><br>**3. Зајакнување на работната дисциплина и одговорност** |

***Самоевалвација на училиштето: ”Св. Наум Охридски”- Пештани***

***Подрачје 6*** **: Ресурси**

- Сместување и просторни капацитети
- Наставни средства и материјали
- Обезбедување на потребниот наставен кадар
- Следење на равојните потреби на наставниот кадар

Финансиско работење на училиштето

**Индикатор на квалитет**

**6.1 Сместување и просторни капацитети**

**Теми:**
**-Просторни ресурси**
**-Искористеност на просторните ресурси**

- Основното училиште има една централна зграда во с.Пештани и три подрачни училишта, по една во с.Коњско, во с.Елшани, и во с.Трпејца.
- Во учичиштето во с.Пештани е инсталирано паргно греење во 2008 година.
- Големината на училниците соодвестува на бројот на учениците во паралелката.
- Има асфалтирано игралиште, кое делумно ги задоволува потребите.
- Заштитни решетки- по инсталирањето на компјутери во училиштето.
- Училиштето има 12 училници по стандарди на воспитно-образовниот процес.
- Учичиштето има еден кабинет за компјутери.
- Заедничките просторите и библиотеката делумно ги задоволуваат критериумите.
- Училиштето е вклучено во реализација на проектот IКомпјутер за секое дете.
- Како ресурс на училиштето да се наведат: компјутери, видео проектор, ДВД, фотокопир, телевизори, и други матријално-технички средства.
- Недостасува кабинетска настава, особено по предметите:Ликовно образование, Музичко образование, Техничко образование, за што се изјаснија предметните наставници.
- Заеднички простории во централното училиште е една наставничка канцеларија.

Постојат 3 санитарни простории( 1 наставничка и 2 за ученици)

Во централното училиште е извршена целосна реконструкција на парното греење во предметна настава.

Извршена е промена на дел од кровот со површина од околу 200 $м^2$ .

Поставени се фотоволтаични панели кои произведуваат електрична енергија со капацитет од 15 KW и со п0вршина од 105 м .

Во подрачното училиште во с. Елшани променети се таваните со кнауф табли, глетовање и молерисување на истите со вкупна површина од 246 $м^2$ . Поставено е ново осветлување со неонски светла на целата оваа површина.Училишниот двор е направен со бекатон плочки со површина од 170 м

| 6.2 Наставни средства и матријали |
|---|
| **Теми:**<br>**-Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>**-Училишна библиотека**<br>**-Потрошен матријал** |
| • Училиштето има дел од стручната литература<br>• Наставни помагала за наставниците има во мал број<br>• Наставните средства и во наредниот период треба да се надградуваат и надополнуваат за изведување на настава<br>• Училишната библиотека располага со над 6500 наслови од кои лектирни книги има 20% од вкупниот фонд, слободна лектира има 70%, а стручна литература има 10% од вкупниот фонд на книги. Секога година фондот на книги се зголемува.<br>• Од потребниот матријал обезбедени сме само со бела креда. Другиот потребен матријал го набавува секој наставник индивидуално(пенкало, хартија, хамери, креда во боја, фломастери, маркери и друго)<br>• Набавениот потрошен матријал делумно ги задоволува потребите на учичиштето. Во нашето училиште пред почетокот на секоја учебна година, во вид на писмено барање, сите активи ги доставуваат листите со потребен потрошен матријал и наставни средства до раководната служба на училиштето.<br>• Потребите за наставни средства и матријали, училиштето ги утврдува преку давање на предлози и барања на Одделенските совети и Стручните посети на часови.<br>• Потребен е систем за следење на употребата на стручната литература, нејзиното одржување и набавка на нова литература.<br>• Училишната библиотека со својата големина не ги задоволува основните стандарди за нејзино нормално работење, а со својот фонд делумно ги задоволува потребите на учениците. Во конкретниот случај таа работи без библиотекар, а учениците со лектири ги опслужува предмениот наставник по Македонски јазик. Потребно е отворање на библиотека со постојано работно време и библиотекар, бидејќи сегашната состојба не овозможува нејзино соодветно користење од страна на учениците, во текот на работниот ден. |
| **6.3 Обезбедување на потребиот наставен кадар** |
| **Теми:**<br>**-Бројот на вработените и соодветност на наставниот кадар**<br>**-Ефиктивност и распоредување на кадарот**<br>**-Стручна служба како поддршка на кадарот** |
| • Кадарот е редовно присутен на своите работни места. Има распоред на дежурства. Вработените го почитуваат куќниот ред во училиштето.<br>• Вработените кои го изведуваат воспитно-образовниот процес во училиштето се со соодветно стручно образование и со повеќе годинишно работно искуство во самото училиште. Бројот на наставниците соодвестува на потребите за потполна реализација на воспитно-образовниот процес.<br>• Наставниот кадар е во согласнот со Нормативите. Наставниот кадар е квалификуван и е способен да ги реализира наставните планови и програми, по соодветните предмети за кои се стручни , согласно потребите на училиштето и учениците  во целина.<br>• Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. |

- Училиштето “Св. Наум Охридски” – с.Пештани, има вработено педагог, психолог(доаѓа само еден ден во неделата) , секретар и технички персонал
- Стручната служба помага во работата на наставниот кадар, при организација на наставата, следењето на учениците, решавање на проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна стручна помош.
- Училиштето практикува доделување на менторства за приправничкиот стаж.
- Наставниот кадар, стручните служби и административниот кадар постојано професионално се усовшуваат преку учество на семинари и обуки. Дел од наставниот и стручниот кадар организира семинари и обуки во училиштето.

Предметните наставници се организираат во рамки на стручни активи. На стручно ниво наставниците се едуцираат во рамките на активите по јазична група предмети, активот на природни науки и актив на одделенски наставници. Секој актив има свој претседател. На состанокот се дискутира и се разменуваат искустава од секојдневната практична работа.

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**Теми:**

**-Професионален развоја на наставниците**

- Раководната стручна служба во текот на учебната година врши увид во работата на наставниот персонал преку: посета на час, отворен ден, избор на најуредна училница, избор на украсните паноа во училниците и ходниците и сл. Преку овие активности истите ја следат ефективната и ефикасна употреба на наставните средства и матријали.
- За оценување на работата на наставниците се практикува следење на планирањата на наставниците, проверка на годишните распределенија, проверка на дневни подготовки, посета на часови. Преку идентификација на потребите за професионален развој се спроведуваат анкети. Се практикува водење на педагошко досие за наставниот кадар и професионално досие.

Како поддршка за наставниот кадар, а во контекст на подобрување на стручните способности, училиштето презема активности за следење на семинари, стручни предавања на Наставничкиот совет и активите во училиштето, учество на обуки и проекти.

- Наставниците – приправници добиваат поддршка добиваат од професор-ментор кој се определува од страна на директорот(согласно Законот за основно образование).
- Работата на наставникот- приправник е следена од директорот, стручната служба и ментор. Приправникот се оспособува за самостојно изведување на образовниот процес преку совладување на соодветната програма за стручен испит, спроведен од Министерството за образование и наука на предлог на Бирото за развоја на образованието.
- Целиот персонал 36(21 жени, 15 мажи), е редовно присутен на работа според прописите. Редовноста на вработените ја следи раководната служба со редовно евидентирање.
- Во однос на роботно искуство состојбата е следна:
  -до 10 години Работно искуство има 15 вработени
  -помеѓу 10 и 20 години Работно искуство има 6 вработени
  -над 20 години Работно искуство има 15 вработени
- Училиштето има стратегија за ангражирање на персонал со повисоки квалификациии и стручност како:
  -ментори за приправници
  -програма на тим за проектни активности
  -тима за следење и унапредување на наставата

**6.5 Финансиско работење на училиштето**

**Теми:**
**-Постапки со кои се обезбедува почитувањето на законската регулатива за финансиско работење**
**-Пранспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**

- Врз финансиското работење на училиштето увид имаат Директорот, Советот на општина и Министерство за образование и наука.
- Финанскиските извештаии редовно се разгледуваат на Училишниот одбор.

Постапките за финансикото работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законоските норми. Нашето училиште нема можности за примена на механизми кои би ги користело за стекнување дополнителни финансиски средства

Учество: Кој беше влучен во собирање на овие информации

Тим за развој

| Кои информации се собрани? |
| --- |
| |
| Од спроведените анкети за учениците, добиени се следните податоци:<br>-1.1 На прашањето"Стручната литература и интернетот ни се достапни во училиштето", 28% одговориле се согласувам, 56% делумно се согласувам, а 16% не се согласувам.<br>-На прашањето "Доколку би се подобриле условите за учење би се зголемил интересот за настава" 82% одговориле дека се согласуваат, 13% делумно се согласуваат а 3% не се согласуваат.<br>-1.2 На прашањето "Библиотечниот фонд ги задоволува моите потреби од дополнителната литература" 14% одговориле дека се согласуваат, 28% делумно се согласуваат а 58% не се согласуваат.<br>-1.3 На прашањето "Набавениот потрошен матријал ги задоволува моите потреби" 25% одговориле дека се согласуваат, 58% делумно се согласуваат а 17% не се согласуваат.<br>- На прашањето "Какви промени би сакал во училиштето" учениците ги дадоа следните одговори: топки за фудбал, нови тавани, промена на дограмата на училиштето, поголеми училници, училници во боја, средување на училишниот двор и др.<br>-Од спроведената анкета за родителите добиени се следните резултати:<br>-2.1 На прашањето: "Информиран/на сум за поголем број од донесените одлуки во училиштето" родителите одговорија 63% се согласувам, 22% одговориле делумно се согласувам, и 15% не се согласувам.<br>-2.2 На прашањето: "Задоволен/на сум од просторните капацитети со кои располага училиштето(училници,санитарни простории" родителите одговорија 51% се согласувам, 38% одговориле делумно се согласувам, и 11% не се согласувам.<br>-На прашањето:"Што би промениле во инфраструктурниот дел од училиштето"? добиени се следниве одговори: промена на дограмата, промена на покривите, санитарните простории, средување на училишниот двор, и др.<br>-Од спроведената анкета на наставниците добиени се следните резултати:<br>-3.1 На прашањето:"Набавениот потрошен матријал во училиштето ги задоволува моите потреби" наставниците одговорија 54% се согласувам, 46% делумно се согласувам, 0% не се согласувам.<br>-3.2 На прашањето:"Нагледните средства во наставата може да помогнат за подобрување на на успехот на учениците́ 89% одговориле се согласувам, 11% делумно се согласувам, 0% не се согласувам.<br>-3.3 На прашањето:"На наставниците практичари им се овозможува да се усовршуваат и да напредуваат во наставата" 59% одговорија се согласувам, 35% делумно се согласувам, а 6% не се согласувам.<br>-3.4 На прашањето:"Задоволен/на сум од постоечката стручна литература во училиштето" 54% одговорија се согласувам, 35% делумно се согласувам,11% не се согласувам.<br>-На прашањето:"Кои наставни помагала Ви се потребни за реализација на еден наставен час?" најчести одговори беа: стручна литература, ЛЦД, проектор, креди во боја, хартија, нагледни средства, смарт табла, лабораториска опрема, микроскоп, географска карта. |
| **Резултати:** |
| Многу добро<br><br>• Училништето е составено од една централна училишна зграда и три подрачни<br>• Во училиштето инсталирано е парно греење во 2008 година во централната училишна зграда<br>• Дел од наставниот кадар посетува интерни обуки |

- Асфалтирано игралиште
- Заштитни решетки
- Училиштето има адевкатни училници( просторно)
- Училиштето има еден кабитен по информатика
- Училиштето е вклучено во проектот  IКомпјутер за секое дете
- Училиштето има матријално-технички средства:компјутери, видеопроектор, ДВД, телевизор, фотокопир
- Секоја година се зголемување фондот на книгите во библиотеката
- Наставата се изведува во една смена и наставникот,стручниот и административно-техничкиот кадар е редовно на работните места и се почитува куќниот ред
- Соодветна стручна оспособеност на наставнито кадар( дел од наставниците се доедуциираат на повисок степ на образование)
- Се посетуваат семинари организирани од Бирото за развој на образованието
- Наставниците учествуваат во обуки и семинари
- Се следат обуки и се спроведуваат проекти
- Млад наставен кадар со мотив за стручно усовршување

Транспарентно, контролирано и добро спроведувано финансиско работење

Делумно добро

- Обезбедување на објектот не ги задоволува критериумите и нема соодветно осветлување
- Училиштето нема кабинети, лабораторија, сала за приредби, читална и медиотека(за потребите на наставниот процес), видео надзор
- Азбестен покрив
- Нема дваесет и четири часовно обезведување
- Недоволна екипираност со хигиено-технични персонал
- Несоодветен простор за библиотека која е недеволна опремена со стручна литература и лектирни изданија
- Нема доволно нагледни средства
- Недостиг на нагледни средства за реализација на лабораториски вежби, недостиг на модели, плакатни слики, шаблони, хартија, хамери, креди во боја и други материјали

Однесување на некои ученици

Анализа на резултати:

Овде даваме подетална евалвација на ова подрачје

- Во училиштето “Св. Наум Охридски”-с.Пештани, учат од прво до деветто одделение деветгодинишно основно образование. Централното училиште е изградено од тврда градба и ги задоволува стандардите. Недостигаат простории од интерес на наставниот процес(нема кабинети, лабораторија, сала за приредби, читална, медиотека). Библиотеката нема соодветна просторија, има недостиг на стручна литература и лектирни изданија така што не ги задоволува потребите за едкукација на учениците и професионален развиток на наставниот персонал. На училишните  згради поставени се заштитни решетки, но поради безведност потребно е исталирање на видео надзор и дваесет и четири часовно обезбедување
- Училиштето има недостаток од материјално-технички и нагледни средства кои се потребни за целосно и ефектино

| |
|---|
| спроведување на наставниот процес.<br>• Стручната оспособеност и професионалност на наставниот кадар е на високо ниво<br>• Подрачните училишта делумно ги задоволуваат стандардите за градба, но таму нема спортска сала и доволен фонд на матријално-технични и нагледни средства.<br>За оценување на работата на наставниците и индетификација на нивните потребит за професионален развој се користат постапките како увид во педагошка евиденција, документација и досие, посета на отворени часови, годишни, полугодишни и тримесечни извештаи, следење на напредокот на учениците, соработка со родителите, подготовка и резултати од натпревари на учениците, работа со учениците во воннаставни активности и сл. |
| Идни активности: Приоритетни подрачја(оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вкучени во планот за развоја на училиштето<br>• Доградба на училиштето со простории кои се од интерес за спроведување на наставниот процес-спортски објект(во подрачните училишта), кабинети, лабораторија,( и други простории, за имплементирање на едносменско работење), модернизација на училниците, библиотека и другите простории со наставните, нагледни и технички средства како и градење механизми за ефикасното користење на наставните средства<br>• Видео надзор<br>• Дваесет и четири часовно обезбебување<br>• Доекипирање на техничкиот кадар<br>• Промена на азбестниот покрив |
| Извори податоци:<br>• Училишната годишна програма за работа<br>• План за развоја на училиштето<br>• Закон за основно образование<br>• Непосред увид<br>• Распоред на часови<br>• Записниците од работата на стручните активи<br>• Интервјуа со наставниците<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен матријал<br>• Разговор со учениците<br>• Разговор со наставниците<br>• Анкета со учениците<br>• Список на вработени и соодветност на наставен кадар<br>• Увид во досиејата на наставниците<br>• Ефиктивност и распоредување на кадарот<br>• Стручна служба како подршка на наставниот кадар<br>Разговор со директорот и со наставниците |

# Подрачје 7: Управување, раководство и креирање политика

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1 | **Управување и раководење на училиштето** | Управување на училиштето<br>Раководење со училштето |
| 7.2 | **Цели и креирање на училишна политика** | Јасност и соодветност на целите<br>Процедури за креирање училишна политика |
| 7.3 | **Развојно планирање** | ● Цели на развојното планирање<br>● Професионален развој/ стручно усовршување на кадарот<br>● Материјално-технички средства<br>● Инфраструктура |

| 7.1 Управување и раководење со училиштето | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Управување со училиштето**<br>• **Раководење со училиштето** |
| **Извори на податоци:** | |
| ● Деловник за работа на Училишниот одбор<br><br>● Статут на училиштето<br><br>● Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни), План за развој на училиштето, План за работа на директорот<br><br>● Интервјуа со наставниците родителите и учениците | * Со училиштето раководат Училишниот одбор и Директорот. Највисок орган на управување со училиштето е Училишниот одбор.Училишниот одбор го сочинуваат членови делегирани од Наставничкиот совет и надворешни членови и се состои од 9 членови: 3 претставници од редот на наставниците, 3 претставници од редот на родителите, 2 од локална самоуправа и 1 претставник од МОН. Училишниот одбор е формиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето и надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани според законските нормативи.<br><br>* Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Директор на училиштето е Зоран Целески. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето. Директорот исто така се грижи за постојано стручно усовршување на наставничкиот и стручниот кадар, врши аналитичко студиска работа, превзема мерки за подобрување на условите за работа во училиштето и постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа во училиштето.<br><br>* Соработката на раководниот тим е на солидно ниво, а проблемите ги решаваат на разни состаноци и средби кои служат за размена на идеи и за конструктивно приоѓање кон нови ситуации. Динамиката на состаноците се планира согласно Годишната програма и потребите на воспитно-образовниот процес.<br><br>* Подрачните училишта во раководната структура се вклучуваат преку претставници од Советот на родители.<br><br>* Раководниот тим за своите одлуки соопштува на состаноци писмени извештаи и консултации. Учениците најчесто се информираат и консултираат преку одделенските раководители и стручната служба. |

| 7.2 Цели на креирање на училишната политика | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Јасност и соодветност на целите**<br>• **Процедури за креирање на училишната политика** |
| **Извори на податоци:** | |
| • Развоен план на училиштето<br><br>• Акциони планови<br><br>• Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници, родители, ученици<br><br>• Записници од УО/ Совет на родители/ Наставнички совет | * Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и образовната политика.<br><br>* Во креирањето на училишната политика вклучени се директорот, училишниот одбор, стручната служба, административниот кадар и наставниот кадар. Зголемувањето на ефикасноста на целокупната наставна практика е цел кон која се фокусираат сите активни субјекти кои учествуваат во креирањето на училишната политика.<br><br>* Наставниците, родителите и учениците се информираат преку Наставнички совет, Совет на родители и одделенски часови.<br><br>* Поддршка за здравјето на учениците се дава преку спроведување на систематски прегледи, вакцинирање, предавање на одделенски часови од страна на стручни лица. За разрешувањето на кризни состојби училиштето во изминатиот период практикуваше примена на правилникот за оценување и педагошки мерки. Во наредниот период треба да се изработи и прилагоди Програма за разрешување на кризни состојби.<br><br>* Учениците со различни способности и предиспозиции се вклучуваат во додатната или дополнителна настава, согласно нивните способности и постигнувањата и се вклучуваат во слободните ученички активности. Се организираат натпревати на ниво на училиште, спортски манифестации, изложби, се распишуваат конкурси за литературни и ликовни творби, презентации, приредби и други активности за афирмирање на нивните способности.<br><br>* Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик, а како задолжителни се изучуваат англискиот како прв странски јазик и германскиот како втор странски јазик.<br><br>* Училиштето во врска со дисциплината и дисциплинските мерки и поведението постапува |

| | |
|---|---|
| | согласно Законот за Основно образование и Правилникот за дисциплината и дисциплинските мерки и поведението на учениците.<br><br>* Одредувањето на политика за спроведување на понатамошните стратегии за планираните активности, училиштето ги добива од непосредните контакти со вработените, родителите и учениците; од секојдневното следење на достигнувањата во сите области со цел доследно имплементирање на целокупната наставна практика, од спроведените интервјуа и анкети, а потоа заеднички се дефинираат приоритетите за понатамошно работење.<br><br>* Годишното планирање го организира и реализира стручен тим составен од директорот, стручните соработници, претседателите на стручните активи. |

| | |
|---|---|
| **7.3 Р а з в о ј н о   п л а н и р а њ е** | |
| **Т е м и:** | • **Цели на развојното планирање**<br>• **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br>• **Материјално-технички средства**<br>• **Инфраструктура** |
| **Извори на податоци:** | |
| • Интервјуа со директор, наставници, родители и ученици<br><br>• Годишна програма за работа; План за професионален развој; Извештаи од интерна евалуација<br><br>• Пописни листи<br><br>• Финансиски план на | * Планирањето се базира врз законските одредби на Законот за основно образование, наставните планови и програми, Календарот за работа и други насоки на релевантни институции, како и податоци од минатогодишните планирања и извештаи кои се надополнуваат со современи сознанија.<br><br>* За да се обезбеди реалност во планирањата и да се следи напредокот, се користат податоци од извештаите, наставните планови и програми, дневници, ефекти на добиени резултати, самопроценување на реализирани цели, како и екстерни увиди.<br><br>* Училиштето постојано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар. Во соработка со МОН и Бирото за развој на образованието на РМ, директорот, стручната служба, наставниците и административно- техничкиот персонал постојано се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надградуваа. |

| | |
|---|---|
| училиштето<br>• Увид во инфраструктура | * Училиштето постојано ги планира материјално-техничките стрдства, додека постоечките нагледни средства континуирано се одржуваат и оптимално се користат.<br><br>* Во текот на минатата и оваа учебна година се изведени повеќе градежни зафати со кои се подобрени просторните услови во училиштето.<br><br>Во централното училиште е извршена целосна реконструкција на парното греење во предметна настава. Демонтирање и монтирање на нова инсталација. Извршена е промена на дел од кровот со површина од околу 200 $м^2$ . Истиот беше со азбестни табли, а сега е со лим. Поставени се фотофолични панели кои произведуваат електрична енергија со капацитет од 15 KW и со п0вршина од 105 $м^2$ . Во подрачното училиште во с. Елшани променети се таваните со кнауф табли, глетовање и молерисување на истите со вкупна површина од 246 $м^2$ . Поставено е ново осветлување со неонски светла на целата оваа површина.Училишниот двор е направен со бекатон плочки со површина од 170 $м^2$ . Во ПУ во с. Елшани со донација од г-дин Орце Митрески стопанственик од с. Елшани извршена е комплет промена на ученичкото WC. Поставени се нови WC шољи, писоари и умивалници, а променети се и старите чучавци. Во ПУ во с. Коњско со донација од г-дин Благоја Крстаноски жител на с. Коњско, татко на Ева Крстаноска променета е надворешната дограма (врати и прозорци) и поставена е нова ПВЦ дограма.<br><br>* Имплементирање на стандардите и критериумите за оценување.<br><br>* Потребите на подрачните училишта целосно се опфатени во планирањата. Подрачните училишта се консултираат преку одделенските раководители, наставничкиот совет и стручните активи.<br><br>* Директорот смета дека соработката со наставниците и стручната служба е добра и работењето го заснова врз принцип на тимска работа. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем и во креирањето на целите, заедно со вработените, родителите и учениците, кои активно учествуваат. |

| | |
|---|---|
| | |
| | |

**Самоевалуација на училиштето “Св. Наум Охридски” – Пештани**

**Подрачје: Раководство, креирање политика**

| **Податоци собрани преку други методи: прашалници, анкети, набљудувања...** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на податоци** | **Вклучен во собирање на овие податоци** | **Кои информации се собрани?** |
| | | *На прашањето дали постои ефикасна комуникација меѓу раководството и наставниците позитивно одговориле 100% од наставниците.<br>*Во однос на учеството на училишниот кадар во донесувањето на значајни одлуки, резучтатите се следниве: |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета за наставници** | **Тим за развој** | <br><br>*73,6% од наставниците во училиштето сметаат дека новите наставници добиваат помош од педагошко – психолошката служба, а 26,3% дека не добиваат.<br><br>*На прашањето дали се задоволни од соработката со родителите 57,8% од наставниците се задоволни од соработката, а 5,2% од наставниците не се задоволни заради пасивниот однос на родителите, а 36,8% од наставниците само понекогаш се задоволни од соработката со родителите. |
| **Анкета за ученици** | **Тим за развој** | *За да се добијат податоци за политиката на учениците беа изготвени прашалници на кои се добија следниве податоци:<br><br>*Најголем број од учениците, 87,8% сметаат дека за нивното физичко и ментално здравје се грижат нивните родители, 7,3% училиштето, а 4,8% нивниот класен/одделенски раководител.<br><br>*4,8% сметаат дека во училиштето се реализира образование за односите меѓу половите, сида, наркоманија и други болести, 0% сметаат дека многу се реализира, а 63,4% понекогаш и 29,2% никогаш |

| | | |
|---|---|---|
| | **Ученици од шесто до деветто одделение** | <br>100% од анкетираните ученици за помош се обраќаат кај одделенскиот/класниот раководител. |
| **Анкета за родители** | **Тим за развој** | * Поголем број од родителите 57,8% сметаат дека училиштето е доволно отворено за соработка со сите субјекти во училиштето, а само 4,4%  сметаат дека тоа не е доволно.<br>* 89% од родителите сметаат дека се сосема информирани за наредокот на нивните деца во училиштето, 2,2% сметаат дека се многу информирани за наредокот на нивните деца во училиштето а 9 % од родителите се изјаснале дека за истото се информирани повремено. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Анкета со 45 родители на ученици од 1во до 9то одделение** | * Во однос на објективното оценување, резултатите се:<br><br>* На прашањето дека се чувствуваат удобно кога се обраќаат за некој проблем или поплака во училиштето родителите одговориле 57,8% со сосем слободни, 31,1% со задоволен и 11,1 со недоволно.<br>* Од анкетираните родители 62,2% сметаат дека во училиштето се води доволно грижа за учениците со посебни потреби.<br>* 86,6% од анкетираните родители сметаат дека со училиштето добро се раководи и управува. |

| Р Е З У Л Т А Т И |
|---|
| **Јаки страни:**<br><br>*Ефикасна комуникација меѓу раководството и наставниците;<br><br>*Надлежностите за раководење, управување и административните задачи се дефинирани со Закон;<br><br>*Раководниот тим проблемите ги решава на состаноци и средби кои служат за размена на идеи и конструктивно приоѓање кон нови ситуации;<br><br>*Динамиката на состаноците на раководниот тим се планира согласно Законот за основно образование, Годишната програма за работа и потребите на воспитно-образовниот процес;<br><br>*Подрачните училишта во раководната структура се вклучуваат преку претставници на Советот на родители и претставник во Училишниот одбор;<br><br>*Раководниот тим за своите одлуки соопштува на состаноци, писмени извештаи и консултации. Учениците најчесто се информираат и консултираат преку одделенските раководители;<br><br>*Висок процент на информираност на родителите;<br><br>*Училиштето во врска со дисциплинските мерки и поведението постапува согласно Законот за основно образование и Правилникот за дисциплина и дисциплински мерки;<br><br>*Се дава поддршка за здрављето на учениците;<br><br>*Планирањата се базираат врз основа на Законот за основно образование, наставните планови и програми и конкретни податоци;<br><br>*Потребите на подрачните училишта целосно се опфатени со планирањето;<br><br>*Во училиштето се употребуваат соодветни дисциплински мерки; |

| |
|---|
| *Родителите непосредно се вклучени во училишни проекти ии работиници;<br><br>*Добра соработка со локална самоуправа. |
| **Слаби страни:**<br><br>*Самоиницијатива за вклученост на училиштето во иновативни меѓународни проекти и проекти што би обезбедиле материјална поддршка во реализирање на конкретни активности во врска со развојното планирање;<br><br>*Соработка и реализација на проекти со други училишта;<br><br>*Училиштето нема програма за работа со талентирани ученици;<br><br>*Училиштето нема програма за работа со деца со посебни потреби. |

**Самоевалуација на училиштето “Св. Наум Охридски” – Пештани**

**Подрачје: Раководство, креирање политика**

| АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ: |
| --- |
| Во училиштето постои ефикасна комуникација помеѓу раководството и наставниот кадар. Висок степен на информираност на родителите и високи стандарди на однесување.<br><br>Во училиштето раководната структура ја сочинуваат директорот и Училишниот одбор. Надлежностите и административните задачи се јасно дефинирани, согласно законот. Динамиката на состаноци на училишниот одбор се планира согласно со потребите на училиштето, по предлог на Претседателот на Училишниот одбор или директорот.<br><br>За одлуките на раководниот тим се соопштува на состаноци во усмена или писмена форма. Подрачните училишта се вклучени во раководната структура преку претставници од Советот на родители и Училишниот одбор. Потребите на подрачните училишта целосно се опфатени со планирањета. Планирањата на училиштето се базираат врз конкретни податоци.<br><br>Училиштето во своите активности подеднакво ги вклучува сите ученици, без разлика на способностите и предиспозициите.<br><br>Во училиштето се практикуваат дисциплински мерки кои најчесто ги корегираат и мотивираат учениците. |

**Подрачје: Раководство, креирање политика**

| **Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени по планот за развој на училиштето** |
| --- |
| • **Изготвување програма за работа со талентирани ученици;**<br>• **Изготвување програма за работа со деца со посебни образовни потреби;**<br>• **Поттикнување на иницијативноста на училиштето за вклучување во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели;** |